# IV тема: Уметност

## IV 1.2. Римска архитектура

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. За римската архитектура

- Голем број на архитектонски дела Римјаните ги наследиле од староседелците Етрурци и од нивните прекуморски соседи, Хелените.
- Успехот што го постигнале Римјаните во градежништвото се огледува во тоа што нивните архитекти ги усовршувале градбите и им додавале раскош и величество.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Римска архитектура: Аквадукт

- Римјаните граделе аквадукти со цел снабдување на римските градови со чиста вода за пиење и капење.
- Аквадуктите (лат. Aqua = вода и ductus = довод), односно водоводните системи, биле градени надземно преку залачена конструкција што приличи на мост.
- Преку аквадуктите водата се дотурала до фонтаните, приватните домови и јавните бањи.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




ДЕЛОВИ НА АКВАДУКТОТ

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Римска архитектура: Јавни бањи (лат. thermae)



- Јавните римски бањи биле простор за рекреација, одржување на хигиена на телото, масажа, свртувалиште на граѓаните и уживање во базените со ладна, топла и жешка вода.
- Тие биле раскошни комплекси кои често ги граделе римските цареви за да го покажат сопственото величество и моќ пред римскиот народ. Меѓутоа, во помалите градови се граделе во мали димензии во зависност од бројот на населението.
- Се плаќал влезот по многу ниска цена за да може секој да си го приушти задоволството во нив.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




**СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА РИМСКИТЕ ЈАВНИ БАЊИ (ТЕРМИ)**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Римска архитектура: Триумфална порта

- Триумфалната порта ја симболизирала римската моќ, слава и победа.
- Често се градела на премини, преку главни сообраќајници, на средишни места во градот и служела само како споменична градба без каква било функција во полза на граѓаните.
- Триумфалните порти биле потсетник за успешна војна, раѓање на некој цар и многу други важни датуми поврзани со историјата на римскиот народ.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND





Триумфални порти во рушевини

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 5. Римска архитектура: Приватна куќа (лат. domus)



- Приватните римски куќи наречени домуси биле живеалиште на повидните и побогатите римски граѓани.
- Често, самите домуси имале вграден деловен простор кој го изнајмувале за трговците и занаетчиите.
- Домусите биле заштитени со домашно куче чувар, но и со штитеници кои живееле во рамки на римското семејство.
- Во секој домус имало приватна бања наречена balneae.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА РИМСКИОТ ДОМУС




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Кои четири градби се претставителен белег на римската архитектура?
- Триумфалната порта, аквадуктот, римските бањи (терми) и приватната римска куќа (домус романа).

- Што симболизирала триумфалната порта и каква била нејзината форма?
- Споменик на римската моќ, слава и победа во форма на порта најчесто со три премини.

- За што служеле аквадуктите?
- За водоснабдување. Се граделе надземно.

- Која била целта на јавните римски бањи наречени терми?
- За задоволување на хигиенските и здравствените потреби на римските граѓани.

- Какви простории се фригидариумот и калдариумот во јавните римски бањи?
- Фригидариумот е просторија за прилагодување на телото каде што имало базен со студена вода, а калдариумот е просторија со пареа и базен со жешка вода.

- Што претставувал атриумот во приватната римска куќа?
- Претсобје, главна точка каде што се вршел прием на гости и за дневен престој на членовите на семејството.

- Што претставувал триклиниумот во римската куќа?
- Трпезарија за исхрана на членовите на семејството.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# УЧИЛИШНА ЗАДАЧА:
## Изработка на постер со градби од античката римска архитектура





- Изработи цртеж на триумфална порта, аквадукт или јавни бањи со назив на градбата која ја црташ.
- Изработи го цртежот на празен лист хартија или на блок-лист, по желба.
- Побарај фотографија од градбата на интернет за да ја црташ во слободен стил.
- Откако ќе ја исцрташ со молив, повтори ја со туш-пенкало или со црн маркер за да му дадеш израз на цртежот.
- Презентирај го и направи квалитетна фотографија која ќе ја прикачиш во Мајкрософт Тимс или НПУД.
- Постерот, исто така, прикачи го на ѕид во училницата.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND